# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 7 29 Март 2023 година примерокот е бесплатен
www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина 23-та седница

**Дневен ред за дваесет и третата седница на Советот на општина Василево**

1. Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици во 2023 година.....02
2. Одлука по барање за финансиски средства поднесено од Атанас Беќарски.....03
3. Одлука за одобрување на финансиски средства на Димче Митров од Чанаклија.....04
4. Одлука за одобрување на финансиски средства на Ненад Делиовски од Ангелци.....05
5. Одлука за сопствено учество на Општина Василево во проектот за изградба на АБ мост на р.Водочица Општина Василево.....06
6. Одлука за сопствено учество на Општина Василево во проектот за изградба на систем за водоснабдување на с.Пиперево, книга 3-реконструкција и проширување на филтер станица за прочистување на питка вода за општина Василево.....06
7. Заклучок за запирање на објавување на пропис.....08

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2023 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2023 година, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 23.03.2023 година.

08-454/2 Општина Василево
24.03.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

-------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 23.03.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2023 година**

Во Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2023 година се врши измена и дополнување и тоа:

Во точка 3 Изградба на улици

- Во алинеа 1 Улица во Пиперево 200 м ----------- 600.000 денари се заменува со Улица во Пиперево 360 м -------------------------- 1.160.000 денари.
- Во алинеа 2 Улица во Нова Маала 350 м ---------- 1.050.000 денари се заменува со Улица во Нова Маала 165 м ------------------ 495.000 денари.
- Во алинеа 3 Улица во Сушево 80 м ---------- 240.000 денари се заменува со Улица во Сушево 45 м --------------------------------------- 135.000 денари.
- Во алинеа 4 Улица во Висока Маала 50 м ---------- 150.000 денари се заменува со Улица во Висока Маала 95 м ------------------- 285.000 денари.
- Во алинеа 5 Улица во Чанаклија 200 м ---------- 600.000 денари се заменува со Улица во Чанаклија 170 м ------------------- 510.000 денари.
- Во алинеа 6 Улица во Доброшинци 150 м ---------- 450.000 денари се заменува со Улица во Доброшинци 130 м ------------------- 390.000 денари.
- Во алинеа 7 Улица во Владевци 200 м ---------- 600.000 денари се заменува со Улица во Владевци 235 м ------------------- 705.000 денари.
- Во алинеа 8 Улица во Василево 250 м ---------- 750.000 денари се заменува со Улица во

Василево 195 м -------------------- 585.000 денари.

- Алинеа 9 Улица во Седларци останува исто.
- Алинеа 10 Улица во Градошорци останува исто.
- Во алинеа 11 Улица во Ангелци 100 м ----------- 300.000 денари се заменува со Улица во Ангелци 60 м -------------------- 180.000 денари.

Дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2023 година има во точка 3. Изградба на улици и тоа:

По алинеа 11 се додава нова алинеа 12 која гласи:

- Улица во Едрениково 65 м ------------- 195.000 денари.

Се друго во Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2023 година останува непроменето.

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево".

08-454/1 Совет на Општина
24.03.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Атанас Беќарски од Василево**

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Атанас Беќарски од Василево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 23.03.2023 година.

08-455/2 Општина Василево
24.03.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

-------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 23.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Атанас Беќарски од Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 40.000 денари на Атанас Беќарски од Василево, за организирање на натпревар во влечење на трупци во Василево по повод празникот Велигден.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година, а ќе се исплатат на сметка на Атанас Беќарски.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-455/1 Совет на Општина
24.03.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Димче Митров од Чанаклија**

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Димче Митров од Чанаклија, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 23.03.2023 година.

08-456/2 Општина Василево
24.03.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

-------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 23.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Димче Митров од Чанаклија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 20.000 денари на Димче Митров, за организирање на турнир во фудбал во Чанаклија, по повод празникот Велигден.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година, а ќе се исплатат на сметка на Димче Митров.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-456/1 Совет на Општина
24.03.2023 Василево
Година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Ненад Делиевски од Ангелци**

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Ненад Делиевски од Ангелци, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 23.03.2023 година.

08-457/2 Општина Василево
24.03.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 23.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Ненад Делиевски од Ангелци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 25.000 денари на Ненад Делиевски, за реновирање на трем во гробиштата во Ангелци.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година, а ќе се исплатат на сметка на МПЦ Струмичка епархија, храм ,,Свети Спас” Ангелци.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-457/1 Совет на Општина
24.03.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за сопствено учество на Општина Василево во проектот за изградба на АБ мост на р.Водочница Општина Василево**

Се објавува Одлуката за сопствено учество на Општина Василево во проектот за изградба на АБ мост на р.Водочница Општина Василево, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 23.03.2023 година.

08-458/2 Општина Василево
24.03.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

-------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 23.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за сопствено учество на Општина Василево во проектот за изградба на АБ мост на р.Водочница Општина Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Василево во проектот за изградба на АБ мост на р.Водочница Општина Василево, врз основа на Програмата за управување со водите за 2023 година од Министерството за животна средина и просторно планирање, за Изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за изградба на АБ мост на р.Водочница Општина Василево, сопственото учество на општина Василево е 26% од вкупната вредност на проектот, а остатокот од средствата ќе бидат побарани од Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа на Програмата за управување со водите за 2023 година.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Василево за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Василево ‘’.

08-458/1 Совет на Опптина
24.03.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за сопствено учество на Општина Василево во проектот за изградба на систем за водоснабдување на с.Пиперево, книга 3 – реконструкција и проширување**

**на филтер станица за прочистување на питка вода за општина Василево**

Се објавува Одлуката за сопствено учество на Општина Василево во проектот за изградба на систем за водоснабдување на с.Пиперево, книга 3 – реконструкција и проширување на филтер станица за прочистување на питка вода за општина Василево, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 23.03.2023 година.

08-459/2 Општина Василево
24.03.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 23.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за сопствено учество на Општина Василево во проектот за изградба на систем за водоснабдување на с.Пиперево, книга 3 – реконструкција и проширување на филтер станица за прочистување на питка вода за општина Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Василево во проектот за изградба на систем за водоснабдување на с.Пиперево, книга 3 – реконструкција и проширување на филтер станица за прочистување на питка вода за општина Василево, врз основа на Програмата за управување со водите за 2023 година од Министерството за животна средина и просторно планирање, за Изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за изградба на систем за водоснабдување на с.Пиперево, книга 3 – реконструкција и прошитување на филтер станица за прочистување на питка вода за општина Василево, сопственото учество на општина Василево е 26% од вкупната вредност на проектот, а остатокот од средствата ќе бидат побарани од Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа на Програмата за управување со водите за 2023 година.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Василево за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде

објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Василево ‘’.

08-459/1 Совет на Општина
24.03.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за запирање на објавување на пропис**

Се објавува Заклучокот за запирање на објавување на пропис, донесен на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 23.03.2023 година.

08-460/2 Општина Василево
24.03.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 23.03.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за запирање на објавување на пропис**

1.Со овој Заклучок се запира објавувањето на пропис бр.08-398/1 од 15.03.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.
.

08-460/1 Совет на Општина
24.03.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---